# ГРАДОТ Е НАШ

**ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025**
**ГРАД СКОПЈЕ**



# ЗЕЛЕН ХУМАН ГРАД






# Марјан Калевски

## Носител на листа на советници за Град Скопје

## 97

**Драги сограѓани**,

Граѓанската иницијатива **ЗЕЛЕН ХУМАН ГРАД** одлучи јас да бидам носител на нашата листа за Советот на Град Скопје што ми претставува чест, но истовремено и голема одговорност да застанам на чело на група која со години ги застапува и ги брани интересите на скопјани во овие тешки времиња поради сè поголемото загадување со кое секојдневно се соочуваме во градот, а и во земјава (загадувањето не познава граници) на сите медиуми на животната средина.

Јас сум долгогодишен активист и мора да истакнам, волонтер, за заштита на животната средина и заштита на животните и сум еден од основачите на граѓанските иницијативи ЗЕЛЕН ХУМАН ГРАД, Охрид SOS и на Здружението за заштита на животни и животна средина Е.Д.Е.Н.

Низ годините сум бил најактивен во подготовка на политики за справување со отпадот, загадувањето на воздухот, небезбедните улици, производство на електрична енергија со најмало негативно влијание врз животната средина, анализа и критика на студии кои го истакнуваат загадувањето од домаќинствата, а го занемаруваат загадувањето од индустријата и анализи на студии за оцена на влијание врз животната средина од рудници и тешка индустрија.

Двајцата советници на ЗХГ, Драгана Велковска и Горјан Јовановски, во мандатот 2021-2025 му донесоа историски преседани на Скопје. Јас и останатите соборци од советничката листа на ЗХГ продолжуваме со истата посветеност. Во претстојниот мандат наши приоритети се концептот Нула отпад; поставувањето фотоволтаични системи на сите јавни објекти и замена на начинот на греење на јавните објекти кои користат фосилни горива, дрва и јаглен за греење; ригорозни инспекции за индустријата; поставување густа мрежа на мерни станици за што попрецизно лоцирање на загадувачите во Скопје; Визија нула за безбедност во сообраќајот; хуман третман на бездомните животни преку стерилизација, кастрација и нивно вдомување; трансформација на Зоолошката во Скопје во Центар за рехабилитација и конзервација на диви автохтони видови; продолжување на проектот „Пасош на Скопје" и остварување на концептот „15-минутен град" со тивки зони, многу природна сенка и безбедни тротоари.

Со само 2 од 45 советници во мандатот 2021-2025 ЗХГ постигна резултати кои не ги постигнале партии со мнозинства во Советот на Град Скопје. Дај ни ја твојата поддршка на овие избори, помогни ни да добиеме мнозинство во Советот за заеднички да си го вратиме Скопје, зашто градот е наш!

Другарски,
Марјан Калевски

# ЗЕЛЕН ХУМАН ГРАД

ЗЕЛЕН ХУМАН ГРАД е граѓанска иницијатива што ги обединува активистите и граѓаните преку: експертизата на своите групи-членки, дигиталната платформа МојГрад за вклучување на граѓаните во работата на Советот на Градот Скопје и протестните движења насочени против штетни политички одлуки.

Како активистичка коалиција од млади луѓе кои над 10-15 години волонтерски придонесуваат за Скопје и Македонија да бидат наш дом во кој ќе се чувствуваме безбедно и безгрижно, одлучни сме да спроведеме коренити институционални промени за враќање на моќта кај нас, граѓаните. Поддршката за партиите прогресивно опаѓа од година во година и да си го вратиме Скопје е многу достижна реалност, но само доколку сме свесни дека секој од нас има моќ да менува, дека негласањето само им оди во прилог на големите партии и дека локалните избори се момент кој мора да го искористиме.

На локалните избори во 2021 г. нѐ поддржаа скоро 10.000 скопјани. Нашите двајца советници оставија срце и душа во борбата во Совет изминативе 4 години, ајде оваа изборна година да внесеме 22!

# СО ШТО СЕ СООЧУВА(В)МЕ

Палење на отпадот и труење на скопјани со последици од несогледливи размери, непостоечки јавен превоз, никаква стратегија за одржливо управување со отпадот, жртви во сообраќајот, мноштво кризи на кои градот е неспособен да одговори, целосна негрижа за јавните простори и културното наследство, континуираното блокирање на есенцијалните јавни услуги како резултат на меѓупартиските пресметки во јавните претпријатија.
По децениско еродирање во секоја сфера, обновувањето на институциите не е лесен процес, но ако сакаме вистинска надеж за здрав и безбеден живот, мораме да продолжиме со решителни чекори. Дури и малите, постепени промени можат да го придвижат општеството кон посветла и поправедна иднина каде што младите ќе сакаат да живеат, а родителите нема да стравуваат дали нивните деца безгрижно ќе растат. Знаеме дека ќе биде неверојатно тежок потфат, но ЗЕЛЕН ХУМАН ГРАД ги има енергијата, посветеноста и истрајноста што нашите активисти го докажале одново и одново низ годините.

# ВИЗИЈА

Скопје мора да стане зелен, хуман и отпорен град, каде што институциите работат за луѓето, а не за привилегираните малцинства. Место каде што секој има еднаков пристап до јавните услуги и можност за достоинствен живот. ЗЕЛЕН ХУМАН ГРАД цели кон суштинска институционална промена за враќање на моќта од политичката и бизнис елита кон граѓаните, и тоа преку: одржлив развој, социјална правда, праведна транзиција, енергетска независност, чиста животна средина, урбана мобилност, заштита на животните, спорт и култура.

Ова е повик за враќање на правото на град во рацете на граѓаните. Градот е наш! Придружи ни се, да си ја вратиме хуманоста, да си ја вратиме надежта!

# ЗЕЛЕНИ И ХУМАНИ ПРИОРИТЕТИ ЗА СКОПЈЕ

✅ МојГрад – Отворен и функционален град за сите нас
✅ Аерозагадување
✅ Зелен и хуман ГУП на Скопје
✅ Нула отпад
✅ Обновлива енергија
✅ Зелен град
✅ Хуман град
✅ Одржлива урбана мобилност

# МОЈГРАД – ОТВОРЕН И ФУНКЦИОНАЛЕН ГРАД ЗА СИТЕ НАС

Ставаме крај на ерата на пост фестум известувањето на јавноста за веќе усвоени проекти. Сè што работи Градот е достапно во фаза кога нашите сограѓани може да бидат проактивно вклучени во процесите.

## ОТВОРЕН ГРАД МОЈГРАД

ЗЕЛЕН ХУМАН ГРАД е единствената политичка група во Македонија која обезбеди целосна транспарентност на работата на Советот во мандатот 2021-2025 со само 2 од 45 советници и воедно вакво ниво на транспарентно работење на институција воопшто. Така продолжуваме и во претстојниот мандат.

MojGrad.mk е нашата дигитална заедница за директна демократија – простор каде што секоја одлука која е предмет на разгледување од страна на Советот на Град Скопје се објавува јавно веднаш штом ги добиеме материјалите за седница (најмалку 7 дена пред одржувањето на седницата) со што ти како активен учесник во локалната самоуправа имаш можност да ги разгледаш сите материјали, да оставиш свој коментар, забелешка, сугестија и да ни се придружиш да го обликуваме градот базирано на начелата на солидарност, хуманост, инклузивност и визија за подобро утре. Заеднички со сите вас ги дискутираме најголемите приоритети и најдобрите идеи, смислуваме креативни и иновативни решенија на проблемите што сите нè мачат.

Тука објавуваме како гласале советниците на ЗХГ на секоја точка што била на дневниот ред. Нашите гласови секогаш оделе за поддршка на добри политики без оглед која политичка група во Советот ги предложила. Секогаш сме гласале против лоши предлози, и сме гласале за предлози во корист на граѓаните, заштита на зеленилото, животната средина и животните.

Седниците на Советот на Град Скопје остануваат јавно достапни и пренесувани во живо на официјалните канали на Градот Скопје за да имаш постојан увид во нашата работа.

## АНАЛИЗА НА ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА ГРАДСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ

До денешен ден не постојат непристрасни и објективно изработени анализи на функционалност на градската администрација и сите институции под надлежност на Град Скопје. Тоа не смее да продолжи! Институциите се сервиси на граѓаните и како такви мора да функционираат беспрекорно, сите недостатоци мора навремено да се отстрануваат и сите лоши практики да се сузбиваат пред да станат „традиција“.

Простото менување директори ништо не значи кога претпријатијата ни се под контрола на спротивставени партиски кланови чијашто задача е

опструкција на секој што не е од нивната партија без оглед колку посветено работи.

Професионализацијата на градските институции не смее да биде само предизборна флоскула и таа мора да почне да се реализира, но може да ја реализираат само луѓе кои се искрено посветени на подобро Скопје за сите.

Го почнуваме скенирањето на институциите и разбивањето на партиските гнезда во нив на самиот почеток на мандатот зашто јавните претпријатија се 'рбетот на Скопје. Развиваме планови за нивна стабилизација со фокус на ефикасност, финансиска дисциплина и одржливост.

## ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ ЗА СКОПЈЕ

Буџетот на Град Скопје, најважниот документ на Градот кој го диктира неговиот развој, го носиме заеднички со скопјани. Преку организирање наменски граѓански буџетски форуми, но и во текот на целата година преку нашата платформа MojGrad.mk континуирано ги преточуваме твоите предлози во проекти што се неопходни за Скопје да се развива праведно, зелено и одржливо.

Буџетот и кварталните извештаи за реализираните проекти јавно ги објавуваме како разбирлив документ за секој граѓанин. Секој предвиден проект во буџетот е едноставно именуван со соодветните финансиски средства кои се одвојуваат за него, колку се потрошени, а колку преостануваат.

## АВТОНОМНИ ГРАДОВИ

Градот е наш и мора да биде финансиски независен, праведен и функционален. Најстабилен сопствен приход на општините е данокот на имот, а неговата наплата е надлежност на градот. Но системот на пресметка и прибирање е застарен, неефикасен, нетранспарентен и недоволно правичен. Општините не располагаат со доволно обучен кадар, немаат теренски ресурси ниту, пак, дигитални алатки. Без исполнување на овие услови не може да се утврди дали одреден имот се користи, дали е празен, или, пак, да му се процени вистинската пазарна вредност.

Се залагаме за спроведување целосна дигитализација и автоматска проценка според реални цени, брза испорака на хартиени и приоритизирање на решенија во електронска форма, можност за електронска наплата, флексибилни планови за отплата, олеснувања за ранливи категории (еднородителски семејства, пензионери што живеат сами, итн.) и обуки за општинските службеници. Се бориме за усогласување на катастарот и адресните регистри, воведување прогресивни стапки на целиот имот и еколошки компоненти за олеснување со што општините би поттикнувале зелен урбанизам и би добивале повеќе финансии и би се зголемила нивната независност. За ова се неопходни и законски измени.

И за празните станови, резултат на инвестиции од богати поединци и бизниси мора да се плаќа праведен данок. Според официјални податоци над 40.000 станови во Скопје зјаат празни (неофицијално тој број оди и до 100.000), додека граѓаните сè повеќе се мачат да најдат достапно домување. Овој замрзнат капитал мора да се активира. Дополнителните ослободени приходи би ги насочиле кон достапно домување, јавен транспорт и зелени површини.

Со тоа, данокот на имот станува алатка која придонесува за правично, транспарентно, и одржливо Скопје.

## ЗЕЛЕНА И ХУМАНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА ЗА СКОПЈЕ

Градот Скопје веќе располага со бројни научни и стручни документи, студии, стратегии, анализи и планови, кои со години собираат прав без да се преточат во конкретни политики, а многу често политиките на Градот Скопје се спротивни на овие решенија. ЗХГ верува дека јавните пари вложени во знаење мора да се искористат до крај: она што е релевантно станува основа за сите наши политики и решенија, а застарените документи ги ревидираме и надградуваме со најновите сознанија и светски практики.

Сите тие документи мора да бидат вградени во политиките на Градот и затоа ги сублимираме во единствена Зелена и хумана развојна стратегија за Скопје која ги опфаќа сите сфери под надлежност на Градот. Процесот не го водиме зад затворени врати, туку преку отворени тематски јавни дискусии со граѓаните и стручната фела од домашни и меѓународни експерти. Само така Скопје трајно ќе се справи со најгорливите локални проблеми: од отпадот и загадувањето до урбанистичкиот хаос и сообраќајот.
За да владеат аргументите, а не интересите, науката и најдобрите светски решенија кои имаат најмали негативни последици врз луѓето, животната средина и животните, се темелот на секоја наша политика, а граѓаните се клучниот партнер при носењето на одлуките. Градот го третираме холистички и одлучуваме заеднички што е најразумно, но не само за сегашните, туку и за идните генерации.

# 2. АЕРОЗАГАДУВАЊЕ

Загаденоста на воздухот во Скопје е проблем што ја пресекува секоја сфера на урбаното живеење поради што ни е врвниот приоритет за решавање во претстојниот мандат и водилка при креирањето на сите наши политики. Во мандатот 2021-2025 на предлог на ЗХГ Советот на Град Скопје изгласа 19 мерки за справување со загадувањето со кои се опфаќаа различни сфери од управувањето на Градот: третман на отпад, енергетска ефикасност, урбанистичко планирање, дизајн на сообраќајна инфраструктура, зелени набавки, итн., но Градот Скопје не само што не ги реализираше, туку и со решение го поништи нивното усвојување.

## ГРАДСКА МРЕЖА НА МОНИТОРИНГ СТАНИЦИ ЗА АЕРОЗАГАДУВАЊЕ

За да спроведеме политики со кои ќе се намали или ќе се елиминира загадувањето задолжителен е 24-часовен мониторинг во живо со јавно достапни податоци. Густа мрежа од мерни станици за загаденоста на воздухот многу ќе помогне за прецизно лоцирање на загадувачите.
Приоритет ни е периметарското поставување на мерни станици по една на максимум 1.500м2 околу индустриски капацитети и останати загадувачи со А и Б интегрирани дозволи. Во комбинација со редовни инспекциски контроли при покачување на вредностите на мерните станици ги утврдуваме и ги санкционираме вистинските виновници.
Се бориме Собранието да донесе Закон за контрола на индустриски емисии со кој ќе се обврзе секој загадувачки индустриски капацитет јавно во реално време и непрекинато да ги споделува податоците од мерењето на загадувањето што го предизвикува.

Градот има ингеренција над сите индустриски капацитети со Б интегрирана дозвола, а со Законот за инспекциски надзор во животната средина инспекторите на Град Скопје имаат право да присуствуваат на здружен надзор заедно со Државниот инспекторат за животна средина каков што беше случајот со Цементарница Усје.

Комплетирање на Регистарот на сите индустриски капацитети со Б интегрирана дозвола ни е приоритет. Редовно контролираме дали работат според дозволата, а тие што не ги исполнуваат обврските или воопшто немаат дозвола – ги санкционираме.

## СИЛНИ ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ

Ја зајакнуваме контролата на загадувачите во соработка со сите надлежни инспекторати и МВР. Инспекциските служби ги зајакнуваме кадровски и со современа функционална опрема. Инспекциите редовно ги контролираат емисиите на прашина од градилиштата. Дежурниот инспекторат на Град

Скопје функционира 24/7.

## ЗЕЛЕНИ НАБАВКИ

Секој ден градот троши милиони денари на јавни набавки, од хартија, преку горива, до инфраструктурни проекти. Но, начинот на кој се трошат овие пари често поттикнува загадување, а не одржливост.

Усвојуваме градски прирачник со задолжителни зелени критериуми во сите јавни набавки: најнапред редукција на набавките – доколку нешто не е навистина неопходно не се набавува. За задолжително потребните набавки предвидуваме стаклена и картонска наместо пластична и стиропор амбалажа; рециклирана и еколошка хартија и материјали; енергетски ефикасна опрема; електрични и нискоемисиони возила; одржливи градежни материјали и технологии.

Преку зелени набавки, јавните институции од корисници станувaат пазарен двигател на зелената економија. Секоја тендерска постапка мора да поттикнува локални зелени мали и средни бизниси, стартапи и социјални претпријатија. Така јавните пари ги трансформираме во најсилна алатка за намалување на емисиите, заштеда на ресурси и создавање зелени работни места.

Обезбедуваме:

- прирачник со задолжителни зелени критериуми
- јавна транспарентност на сите набавки со јасно наведени еколошки параметри
- обука на сите вработени во Град Скопје за примена на зелени стандарди
- контрола за спречување на коруптивни набавки маскирани како „зелени“

Со посветеноста на зелени набавки покажуваме дека јавниот сектор може да биде предводник на решението за праведна и одржлива економија, наместо дел од проблемот.

# 3. ЗЕЛЕН И ХУМАН ГУП НА СКОПЈЕ

Криминалната урбанизација го претвори Скопје во бетонски резерват на црни пари. Ова не само што е прашање на намален квалитет на живот, туку и прашање на дискриминација. Станбената правда е социјална правда, а гентрификацијата придонесува дел од нашите сограѓани да не може да си дозволат купување или изнајмување живеалиште во населба која тие ќе ја изберат, следствено принудени се да бараат живеалишта во периферни делови кои се подалеку од нивните работни места, од училиштата, факултетите, итн., или да престојуваат во комплетно супстандардни услови.

Ние се бориме против ваквите услови со адресирање на коренот на проблемот:

Основни принципи и начела при планирањето на градот ни се социо-економска праведност, рамномерен развој, демократизација на управувањето со просторот како јавен ресурс, партиципативност и климатска отпорност вградена во ГУП која би се преточила во плановите од понизок ранг.

ГУП на Скопје мора да биде зелен и хуман! Во него вметнуваме задолжителна и прецизна одредба – деловите од деталните планови кои не се усогласени со ГУП не се спроведуваат. Усвојуваме и строги критериуми како се определува неусогласеност и не оставаме повеќе простор за манипулативно или произволно толкување на одредбите на ГУП. Одржуваме тематски работилници во кои ги вклучуваме и општата и стручната јавност.

Воведуваме стандард за задолжителни велосипедски паркинзи на сите нови објекти и нови паркинг-места за велосипеди секаде каде што е возможно на веќе изведените објекти.

## ГО ШТИТИМЕ НАШЕТО ЗАЕДНИЧКО ПРАВО НА ГРАД!

Ние, граѓаните, сме најголем сопственик на земјиште во градов! Сите улици, булевари, сите паркови, сите плоштади, сите јавни објекти се наши, заеднички!

Ние сме и најголемиот земјопоседник и најголемиот инвеститор.

Ние само времено ги ополномоштуваме Советот или градоначалникот на Град Скопје (и градоначалниците на општините) 4 години во наше име да ги водат процесите.

Да донесуваат урбанистички планови (ГУП или ДУП), да нарачуваат и да потпишуваат проекти за тие улици, да го даваат нашето земјиште на

користење под некакви услови и за некаков надомест. Меѓутоа, како секој одговорен сопственик, имаме право да знаеме како тој полномошник располага со нашето земјиште.

Затоа:

1. Целосно го отвораме процесот за новиот ГУП зашто со ГУП го планираме нашето земјиште.

Јавната контрола значи јавни презентации во сите фази на изработката, тематски работилници со стручната фела и граѓаните и активно користење на онлајн алатки, за да нема прикриени упади (како линиските центри) во последен момент кои ја фаворизираат градежната олигархија.

2. Пасош на Скопје – правиме попис и регистар на сиот имот (парцели и објекти), а особено јавниот, за да ги стопираме приватизацијата и пренамената на државното земјиште; секој простор го мапираме и го штитиме за јавни потреби!

На Скопје му е неопходно мапирање на сите содржини со цел да се утврди каде што најмногу недостасува (јавно зеленило, спортски и детски игралишта, градинки, пешачки зони, велосипедски патеки...), не според перцепција или број на гласови, туку според реални потреби. Кога е мапирано, измерено во м2 и растојанија, е јасно за сите и нема дилеми. Пасош на Скопје го започнавме во 2022 г., со него ги мапираме и класифицираме содржините во рамки на ГУП на Град Скопје според намена, година на изведба/реконструкција, надлежност и нивно тековно одржување. Комплетирањето и редовното одржување на Пасошот на Скопје е неопходно зашто со ажурното управување со оваа дигитална алатка овозможуваме интегриран урбан развој преку таргетирано планирање и инвестирање во координација меѓу различни сектори, јавни претпријатија, градски и општински служби.

Мапираме стари, но употребливи простории/објекти и пренаменуваме општински објекти во социјални центри, простори за независни културни иницијативи, младински центри, центри за волонтирање и општествено организирање и сл. Обезбедуваме просторна, логистичка и финансиска поддршка за младински и граѓански иницијативи, вклучително и отворање на граѓански/младински канцеларии со ниски режиски трошоци

3. Ги штитиме јавните објекти (пред сè училиштата) во надлежност на Градот од комерцијализација и се обврзуваме на нивно одговорно управување во служба на заедницата.

Школските дворови мора да се ослободат од узурпацијата од кафеани и да станат маалски збиралишта, за спорт, дружење и отворени простори за

евакуација при непогоди. Најчесто тоа се најголемите јавно поседувани простори во маалата!

4. Доделените локации за тераси од кафеани на јавни површини (тротоари, паркови, плоштади, школски дворови) задолжително ги мапираме со што стануваат јавно достапен податок: колкава површина јавен простор на колкав период, кому и под кои услови е доделена.

Ги ревидираме сите издадени одобренија и во соработка со надлежните градежни инспекторати ја анализираме усогласеноста со реалната ситуација на терен.

5. Вклучување на целата заедница – сите податоци и проекти од јавен интерес (за градски сообраќајници, јавни простори, јавни објекти итн.) кои се прават на јавно земјиште и со јавни средства се јавно достапни; секоја нова иницијатива се гради врз принципите на стручност и транспарентност.

Ние во ЗХГ се водиме од начелото дека јавниот простор ни припаѓа на сите и сите имаме право да знаеме како се планира, проектира, на кого се доделува и како се користи!

## КОНСОЛИДИРАНИ СОСЕДСТВА

ЗЕЛЕН ХУМАН ГРАД го застапува концептот на консолидирани соседства во кои на најмногу 15 минути одење пеш се обезбедени сите неопходни пратечки јавни содржини (градинка, училиште, амбуланта, детско игралиште, спортски терен, парк за миленици, објекти од областа на културата, урбани градини, биокомпостара, пазар, итн.). Онаму каде што не задоволуваат капацитетите на градинки и училишта до пешачки радиус, не смее да се дозволува нова станбена изградба. Во делови на Скопје воопшто не е инвестирано и има наши сограѓани кои живеат, учат и работат во супстандардни услови.

Инвестираме во јавни објекти и содржини околу кои ќе се обединува заедницата и рамноправен пристап до истите за сите жители на Скопје.

## ТИВКИ ЗОНИ

Звучното загадување ни пречи на сите – и на луѓето и на животните. Дискотеките, отворените ресторани, моловите, настаните на отворено, изведувањето градежни работи, сообраќајниците се најголемите извори на звучно загадување во Скопје. Иако со Законот за заштита од бучава во животната средина се предвидува забрана на употреба на извори на бучава

сè додека не се преземат пропишаните мерки за заштита од бучава, како и ограничување или забрана на вршење на дејност и други активности, кои поради создадената бучава, пречат на одморот и ноќниот мир на луѓето – оваа надлежност не само што не се спроведува туку некогаш и самите институции се јавуваат како прекршители на регулативата со која се уредува јавниот мир.

Во ГУП ја нагласуваме обврската на општините за спроведување мерки и услови за заштита од бучава преку меѓусебен распоред во просторот на инфраструктурата, индустриските, станбените, рекреативните и други објекти и планирање тивки зони. Се справуваме со овој толку запоставуван, а голем проблем за сите нас така што прво ја утврдуваме нашата изложеност на бучава, потоа изработуваме Стратешка карта на бучава со акциски план која претставува наша законска обврска и спроведуваме ригорозен мониторинг и постојани инспекциски надзори со инспекторите за заштита на животната средина.

# 4. НУЛА ОТПАД

Нула отпад е современ и одржлив концепт со кој отпадот се третира како ресурс со вредност, а не како безвреден вишок. Решението на ЗХГ за трајно прекинување на труењето од депониите е воведување систем што го дестимулира создавањето отпад, промовира компостирање, селекција и повторна употреба, и на тој начин постепено ја исклучува потребата од депонии. Целта е да се спречи создавањето отпад уште на изворот преку одговорно консумирање и паметно дизајнирани производи, пакувања, како и јавни политики што ги охрабруваат свесната потрошувачка и циркуларната економија.

## НУЛА ОТПАД – НОВ СИСТЕМ НА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

Најмалку 60% од вкупниот комунален отпад во градов и земјава е биоотпад. Најпрво ги ставаме во функција двете биокомпостари што Градот веќе ги има набавено како резултат на изгласан програмски предлог на ЗХГ во Советот од мандатот 2021-2025. Компостарите ги поставуваме во различни општини на места лесно достапни за граѓаните за тие да може самостојно да го одлагаат својот биоотпад. Потоа набавуваме биокомпостари за сите останати општини на Скопје со што ги елиминираме трошоците за транспорт на овој отпад. Паралелно се бориме за меѓуинституционална соработка помеѓу Министерството за животна средина и Градот Скопје за целосна промена на системот за управување со отпад кој е заглавен со депонирање како во 19 век. Инсистираме на воведување на концептот Нула отпад кој веќе постои во стратешки документи за управување со отпад.

Тоа значи дека во старт мора да се спречи генерирањето отпад и мора да се воспостави темелна примарна селекција, како на биоотпадот, така и на останатите видови комунален отпад: пластика, стакло, хартија, метал, електронски и кабаст отпад. Тој отпад потоа го носиме во центри за селектирање кои понатаму ќе го извезат селектираниот отпад во земји со стандарди и услови за рециклирање за разлика од нас. Единственото нешто што во земјава можеме да рециклираме по некакви станарди е биоотпад од кој ќе добиваме органско ѓубриво/хумус и биогас и може да рециклираме градежен шут кој со механичка обработка понатаму ќе може да се реискористи за градежен материјал. Секако да не го заборавиме и кабастиот отпад од кој дел може многу лесно да се реупотреби преку центри во градска надлежност за поправки и надградување.

Отпочнуваме со стратешки инвестиции во биогасни централи каде што го носиме биоотпадот од прехранбена индустрија од околината на Скопје и отпадот од гранки и лисја што го собираат ЈП Паркови и зеленило. Одредена количина лисја е неопходно да остане околу дрвјата за природните процеси

да течат непречено. Една таква гасна централа би произведувала метан кој ќе се искористи за производство на електрична енергија. Биогасните централи во комбинација со фотоволтаичните системи на кровните површини на институциите под надлежност на Град Скопје би обезбедувале обновлива енергија со што би се намалила зависноста од валкано произведената енергија од РЕК Битола која со децении ги труе битолчани и секако би се намалиле трошоците.

## ОД ДРИСЛА ДО НУЛА ОТПАД

Дрисла останува во сопственост на Градот. Јавно-приватните партнерства се приватизирање на јавното и одземање на нашето заедничко право да одлучуваме за сопствените ресурси што е суштествена спротивност на принципите на ЗХГ. Ние се залагаме за целосна јавна контрола, транспарентност и одговорност во управувањето со отпадот. Наместо да ја претвораме во штетен бизнис на малкумина, ќе ја направиме пример за тоа како јавното добро може да се чува и развива во интерес на заедницата и на животната средина.

Постепено ја прекинуваме практиката на депонирање на отпадот и преоѓаме кон негово реискористување и вклучување во процесот на циркуларна економија.

Инсталираме постројка за recovery на материјали, постројка за создавање биогас и дигестат, како и постројка за преработка на градежен шут од која би се добивала суровина за градежната и поврзани индустрии. Сиот шут од Скопје се насочува кон оваа постројка и со тоа се превенира создавањето на диви депонии.

На кровните површини на објектите инсталираме фотоволтаичен систем за производство на електрична енергија и го поврзуваме со биогасната постројка со што Дрисла ја намалува својата енергетска зависност.

Околу целиот периметар на Дрисла поставуваме мерни станици за квалитетот на воздухот чиишто податоци ќе бидат јавно достапни во реално време 24/7.

## ЕДУКАЦИЈА ЗА КОНЦЕПТОТ НУЛА ОТПАД

Светските искуства покажале дека рецептот за успех е едукација, стимулација, санкција. Едукацијата за концептот Нула отпад како единственото визионерско решение за управување со отпадот е исклучително важен дел од процесот на управување со отпад. Втор многу

важен сегмент се мерките за поттикнување примарна селекција и за правилно одлагање на отпадот.

Преку Комунална хигиена вршиме едукација за спроведување на концептот Нула отпад преку сите медиуми за масовно известување (телевизија, радио, електронски медиуми). Воведуваме и мерки за поттикнување, но и евентуално санкционирање на сите оние што нема прописно да го одлагаат отпадот и покрај сите укажувања и олеснителни околности. Исто така, предвидуваме задолжително санкционирање за сите вработени во институциите кои ќе потфрлат во некој дел на системот за управување со отпадот.

# 5. ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА

Скопје и Македонија се уште зависни од валкано произведена електрична енергија која прескапо ја плаќаме. Валканата енергија не само што ни ги уништува животната средина и природата, туку ни го уништува и здравјето.

## ЗЕЛЕНА ЕНЕРГИЈА И ЕНЕРГЕТСКА НЕЗАВИСНОСТ

Паметните решенија во сферата на енергетика се клучни за излегување од енергетска сиромаштија. Пандемијата комплетно го експонираше монополот со електричната енергија во Македонија и последиците по нашата економија. Огромни буџетски средства се одлеваат на астрономски сметки за валкано произведена електрична енергија.

За да ја сузбиеме зависноста, но и за да го преориентираме Градот кон производство на обновлива енергија, етапно инсталираме фотоволтаични системи на покривите на сите институции под надлежност на Град Скопје и топлотна изолација на објектите што ја немаат и го менуваме начинот на загревање на објектите кои користат фосилни горива, дрва или јаглен како енергенс. Приоритет се средните училишта зашто секоја заштеда значи подобрени услови во кои нашата иднина го следи образовниот процес. Останатите институции се приоритизираат според нивото на потрошувачка – прв приоритет се најголемите потрошувачи. Најголем дел од институциите под надлежност на Град Скопје имаат кровни површини со соодветна (јужна) поставеност. Ако сите соодветни кровни површини на објекти на Град Скопје се покријат со фотоволтаични системи, би се произведувале над 18 илјади MWh годишно. Тоа е пандан на потрошувачка на 1.500 домаќинства годишно.

## ЕНЕРГЕТСКИ ЗАЕДНИЦИ И ЗАДРУГАРСТВО

Скопје може да биде електроенергетски независен град, преку промовирање и поддршка на енергетски или станбени задруги. Со меѓусебно здружување на правни и физички лица и заедничко финансирање на фотоволтаични централи, можно е да се произведе електрична енергија која е доволна да покрие огромен дел од вкупната потрошувачка на електрична енергија на градот. Со задругите носиме придобивки за целата заедница и за секое домаќинство со снабдување со незагадувачка енергија и со намалување на сметките за струја. Предвидуваме и субвенции за поставување ФВ системи и топлотна изолација на објекти.

## ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА СО ИНТЕГРИРАНИ СИСТЕМИ

Фотоволтаиците се само еден аспект од енергетската еволуција. Користејќи го биоотпадот создаваме биогасни централи кои ги поврзуваме во интегрирани системи за производство на обновлива енергија. Отпадот има вредност и ЗХГ нема да дозволи тој да ни ги уништува сите медиуми на животната средина, а со тоа и здравјето. Најмалку 60% од вкупниот комунален отпад во Скопје отпаѓа на биоотпад и таа поволност паметно ја користиме.

# 6. ЗЕЛЕН ГРАД

Водата и зеленилото се основни животворни и животоподдржувачки ресурси. Должни сме да ги третираме како ретки скапоцености, а не како приватни извори за неисцрпна експлоатација и профит.

## ВОДОВОДНА ИНСТАЛАЦИЈА

Водоводната мрежа во Скопје е стара со децении, недоволно организирано се обновува и унапредува и недоволно брзо и ефективно се решаваат дефектите. Овие деценциски пропусти резултираат со енормни загуби на вода и во последнава година меѓу 50 и 60% и со сериозна водна криза кога повеќе делови од Скопје во најжешките периоди од годината немаа вода по цели денови и тоа не беше инцидентно 1 или 2 дена туку траеше со денови.

## ОД ЗАГУБИ НА ВОДА ДО БЕСПЛАТНА ЗЕЛЕНА ЕНЕРГИЈА

Ја евалуираме реализацијата на Стратегијата за намалување на загубите на вода во водоснабдителниот систем на Град Скопје и ги спроведуваме сите неопходни чекори за загубите да се доведат помеѓу 15 и 20% од сегашните над 50–60%.

По итно намалување на загубите на вода и стабилизација на притисокот, спроведуваме темелна проверка на водоводниот систем за да утврдиме потенцијални локации со хронично преголем притисок и стабилен проток во текот на целата година каде што може да се вгради турбина што истовремено го регулира притисокот и произведува бесплатна зелена електрична енергија. Пилотираме само на точки со обезбедена бајпас-линија, санитарна сертификација за пивка вода и без влијание врз снабдувањето. На овој начин ја ставаме сигурноста на водоснабдувањето пред сè, а енергија создаваме само кога има реален и безбеден вишок.

## ПИВКАТА ВОДА Е СКАПОЦЕН РЕСУРС

Воведуваме итна и сеопфатна забрана за полевање на јавните површини од страна на Град Скопје со пивка вода за што донесуваме соодветна одлука во Советот на Град Скопје. За полевање користиме исклучиво техничка вода.

Крадењето вода мора да стане кривично дело со предвидена затворска казна, за што се бориме за законски измени на Кривичниот законик, како и за законска забрана за индустриски капацитети да користат пивка вода како техничка.

На Скопје му недостасува паметно испланирана мрежа на јавни чешми. Ја создаваме таа мрежа исклучиво со чешми со автоматска регулација на протокот на вода за пиење, со цел да обезбедиме одржлив пристап до вода во јавниот простор, без непотребно расфрлање со ресурсите.

Градот Скопје заедно со ЈП Водовод и канализација и ЈП Паркови и зеленило започнува инвестиции во собирање и користење на дождовница.

Градот Скопје во соработка со десетте скопски општини мора да биде кочница на детални урбанистички планови и последователни одобренија за изградба на нови и надградба на постоечки објекти во реони каде што комуналната инфраструктура не ги задоволува потребите на населението. Прво соодветна комунална инфраструктура, второ градба или надградба. Достоинствени услови за престој на сите!

## ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА – ЧИСТ ВАРДАР, ЧИСТО СКОПЈЕ

Скопје мора да добие современа пречистителна станица за отпадни води, но не по модел на мегаломански проекти што служат за профит на изведувачи, туку како јавна инвестиција изградена според најнова технологија, со највисоки еколошки стандарди и целосна транспарентност. Вардар, некогашниот симбол на Македонија, денес е симбол на загадување и јавна небезбедност со кубици непречистени отпадни води кои секојдневно се излеваат во реката. Ова не е само еколошки, но и здравствен ризик за жителите.

ЗХГ се залага за пречистителна станица што ќе обезбеди:

- целосно механичко и биолошко прочистување, со третман на фосфати и азот
- производство на биогас од талогот и користење на обновлива енергија за намалување на оперативните трошоци
- јавна сопственост и контрола, без јавно-приватни партнерства кои го приватизираат јавното добро
- вклучување на граѓаните и стручната јавност во сите фази – од проект до надзор на изведбата.

Пречистителната станица мора да биде зелено срце на градот, гаранција дека водите на Вардар ќе станат извор на живот, а не канализација. За нас ова е прашање на достоинство, на здравје и на правото на идните генерации да наследат чиста и здрава река.

## ПОВТОРНО ГИ ОЖИВУВАМЕ ПРИРОДНИТЕ ФИЛТРИ НА СКОПЈЕ

Го воведуваме концептот на green-grey инфраструктура, односно стратегиска реконструкција и враќање на природните блата, мочуришта и зелени појаси како дополнување и зајакнување на постојната „сива“ инфраструктура за третман на отпадни води. Со тоа, природата повторно станува дел од системот за прочистување.

Паралелно обезбедуваме балансиран и логично редоследен развој на канализациската и пречистителната мрежа, така што системот да може да одговори на идниот урбан раст без да создава нови жаришта на загадување или непокриени подрачја. Овој пристап обезбедува долгорочна отпорност, пониски трошоци и значително повисок степен на заштита на реките и подземните води.

## АКТИВЕН ЗЕЛЕН КАТАСТАР И ЗАШТИТА НА ЗЕЛЕНИЛОТО ЗА ОТПОРЕН ГРАД

Скопје мора да има активен Зелен катастар кој ќе се ажурира редовно, исто како Катастарот на недвижности (за парцели и објекти). Секое новозасадено дрво, секое исечено дрво, секоја новоуредена зелена површина мора веднаш да се внесува во системот. Така Зелениот катастар станува жива алатка, постојано точна и употреблива за урбанистичко планирање и проектирање.

Досегашната практика да се изработи Зелениот катастар со проект, а потоа да остане мртов документ е неприфатлива. За ова да функционира се заложуваме кај Министерството за животна средина и просторно планирање и инсистираме на унапредување на Правилникот за планирање, проектирање, подигање и одржување на зеленилото за одржување и ажурирање на Зелениот катастар, како и назначување институција одговорна за негово управување. Само така ќе имаме доверливи податоци, вистинска заштита на зеленилото и алатка која ќе биде темел на секој план за одржлив развој на Скопје.

Со историската одлука што Советот на Град Скопје ја донесе во мандатот 2021-2025 по предлог на ЗЕЛЕН ХУМАН ГРАД – во Скопје сите решенија за интервенција врз зеленило јавно се објавуваат на https://mojgrad.mk/zelenilo/ и секој жител на Скопје има можност да го обжали решението и да спречи сечење на дрво кое објективно не е за сечење. Оваа практика ја продолжуваме посветено и во претстојниот мандат.

Со Генералниот урбанистички план за Скопје најпрво го штитиме Водно и ја симнуваме границата за да го елиминираме притисокот врз планината. Се бориме Министерството за животна средина и просторно планирање да го

стави под привремена заштита Кањонот Матка, а паралелно Собранието да усвои закон со кој ќе се репрогласи за заштитено ова вредно природно богатство. Следно, Градскиот парк, парк-шумата Гази Баба, Расадник, Француските гробишта, Кале, Аквадуктот, Скупи се простори чие зеленило мора да се заштити, како и бреговите на реките Вардар, Треска, Лепенец, Серава и Маркова Река кои мора да се исчистат и да станат нови паркови, зелени коридори и рекреативни зони.

Она што на Скопје особено му недостига во поглед на одржливо управување со зеленилото е активноста негување. Корупцијата и крадењето во институциите резултираат со неодвојување соодветен буџет за негување на зеленилото, но и немање доволно, како ни соодветно обучен кадар ниту опрема за тоа да се спроведе. Не дозволуваме оваа практика да продолжи. Вложуваме еднакви напори и да засадиме ново зеленило и да го зачуваме постоечкото. Ненегувано зеленило значи изгубено зеленило.

## ТОПЛИНСКИ ОСТРОВИ

Урбаните топлински острови претставуваат појава карактеристична за густо изградените делови на големите градови, каде што бетонските и асфалтните површини ја апсорбираат и задржуваат топлината многу подолго од природните подрачја. За разлика од нив, зелените површини и вегетацијата ја намалуваат температурата преку сенка и природно испарување на водата, па токму недостигот на зеленило во урбаните средини создава локализирани „џебови“ на топлина што го прават градот потопол и помалку удобен за живеење.

Со комбинација на различни мерки, како на пример, паметен раст, ладни материјали, стратешко и креативно зазеленување, топлинските острови во Скопје драстично ги намалуваме.

## ЖЕШКИ ТОЧКИ НА ЗАГАДУВАЊЕ

Градот Скопје има повеќе индустриски жаришта или т.н. жешки точки за кои е утврдено дека се загадувачки, како што се Охис, Годел, Макстил. Потоа депониите, како на пример Вардариште, Дрисла. За локации како што е мега паркот во Ѓорче Петров и бунарите Нерези-Лепенец постојат индиции дека е закопан опасен отпад. Го утврдуваме ова со независни истражувања и ги спроведуваме најразумните решенија за справување со сите локации имајќи ги предвид и идните генерации.

## ЗАГАДЕНА ПОЧВА И ХРАНА

Жешките точки во Скопје резултираат со загадување на сите медиуми на животната средина. Во повеќе населени места од руралните делови на Скопскиот Регион, главно Студеничани, Драчево, Долно и Горно Лисиче и Стајковци, се утврдени концентрации на тешки метали над дозволеното во храната (зеленчук и овошје) која се одгледува и се продава на скопските пазари. Ги елиминираме изворите на загадување и ја санираме почвата. Скопјани не смее повеќе да консумираат отровна храна со никел, олово, цинк и арсен.

# 7. ХУМАН ГРАД

Маргинализираните и ранливите групи мора да добијат редовна социјална грижа и целосно да се вклучат во општественит и културниот живот. Социјално загрозените лица мора да добијат редовен оброк во градски кујни во секоја општина. Жените мора да имаат еднаков третман со мажите во сите сфери, за што Градот Скопје мора инвестициите да ги насочи во области што ќе овозможат жените да добијат финансиска независност, како и заштита од дискриминација, семејно и родово базирано насилство.

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Обезбедуваме парична помош, различни субвенции, социјални услуги (згрижување, поддршка, нега, патронажни служби) и друг вид на помош за превенција – советување и слично, вклучително и сервиси за поддршка и превенција на родово засновано насилство коишто мора да бидат децентрализирани согласно со Законот за социјална заштита. Мора да се отвори народна кујна во секое соседство. За социјалните услуги да се стимулира социјално претприемништво преку ресурсен центар за социјално претприемништво.

## РОДОВО ОДГОВОРНИ ПОЛИТИКИ: ГРАД ЕДНАКОВ ЗА СИТЕ

Изработуваме Стратегија за родова рамноправност на Град Скопје со акциски план и ги вградуваме родовите перспективи во сите политики и практики на Градот.

Скопје не е родово неутрален град. Урбанистичкото планирање, јавниот превоз, безбедноста и распределбата на буџетот различно влијаат на жените и мажите. Нашата цел е да го вградиме принципот на родова еднаквост во секоја одлука и секоја политика на Градот Скопје. Тоа не значи само формално исполнување на обврски, туку суштинска промена за создавање град кој е безбеден, праведен и нуди еднакви можности за сите свои жители.

Нашите решенија:

- Родово одговорно буџетирање: Воведуваме пракса на анализа на градскиот буџет од родова перспектива. Прашуваме: Каде одат нашите пари и кој има корист од нив? Дали повеќе инвестираме во инфраструктура што примарно ја користат мажи, или подеднакво вложуваме во градинки, безбедно јавно осветлување, сигурни куќи и поддршка за жените претприемачки?
- Безбеден и пристапен град за жените:
  - Урбанизам: Планираме јавни простори со добро осветлување, содржини неопходни за мајки/родители со деца, отворена

прегледност и без скриени ќошиња. Се залагаме за „безбедни рути" до училиштата, работните места и јавниот превоз.
  - Јавен превоз: Воведуваме станици „по барање" во ноќните часови на помалку фреквентни линии, каде што патникот може да го замоли возачот да застане помеѓу две редовни станици, на најблиското безбедно место до неговиот дом. Дополнително, ја подобруваме безбедноста во автобусите и на автобуските постојки.
  - Нула толеранција за насилство: Спроведуваме „Нула толеранција" преку сеопфатен систем кој обезбедува превенција преку едукација, брза и лесно достапна заштита за жртвите и работа со сторителите за трајно спречување на насилството.
- Економско зајакнување на жените: Креираме посебни програми и грантови за поддршка на женското претприемаштво, особено во зелените и дигиталните индустрии. Ги промовираме занаетите и вештините каде што жените може да постигнат финансиска независност.
- Видливост на жените во јавниот простор: Покренуваме иницијатива за именување на улици, паркови, мостови и јавни објекти по значајни жени од нашата историја. Ги поддржуваме женската уметност и култура, обезбедувајќи простор и ресурси за нивна промоција.
- Стратегија со конкретни мерки: Акцискиот план од Стратегијата за родова рамноправност има јасни цели, рокови и индикатори за успех, кои редовно и транспарентно ги презентираме пред јавноста.

## ГРАДСКА НАРОДНА КУЈНА

Во Скопје никој не смее да биде гладен. Сепак стотици илјади наши сограѓани живеат под прагот на сиромаштија, со едвај еден оброк на ден, а во исто време огромни количини храна секојдневно се фрлаат. Нашата визија е да го премостиме овој јаз со помош на систем кој се заснова на солидарност, одржливост и достоинство. Градската народна кујна не е само место за делење оброци, туку срце на заедницата кое се бори против сиромаштијата и социјалната ексклузија. Храната е основно човеково право, а не привилегија!

Нашите решенија:

- Централна кујна и мрежа на маалски пунктови: Воспоставуваме модерна централна кујна која ќе служи како логистички центар за подготовка на храна според највисоки стандарди. Истовремено, отвораме мрежа на помали, дисперзирани пунктови во секое маало (во простории на месни заедници, пензионерски домови, дневни центри) каде граѓаните ќе можат достоинствено да го консумираат или подигнат својот оброк.
- Систем против фрлање храна: Воспоставуваме партнерства со супермаркети, ресторани, производители и земјоделци за донирање

на вишокот храна која е пред истек на рокот, но е целосно безбедна за консумација. Со ова, директно го намалуваме отпадот и промовираме циркуларна економија.

- Нутритивно балансирани и разновидни оброци: Во соработка со нутриционисти, обезбедуваме квалитетни и здрави оброци, со посебно внимание на потребите на децата, возрасните лица и лицата со здравствени проблеми.
- Повеќе од оброк – центар на заедницата: Пунктовите на народната кујна се и социјални простори каде што граѓаните можат да добијат поддршка, да се дружат и да учествуваат во работилници за готвење, нутриционизам и финансиска писменост. Ова е клучен чекор во борбата против осаменоста и изолацијата.
- Вклучување на волонтери и социјални претпријатија: Ја отвораме вратата за волонтери и поттикнуваме развој на социјални претпријатија кои можат да помогнат во дистрибуцијата на храна и да понудат вработување на лица од ранливи категории.

Иницираме законски измени преку соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство и министерствата за земјоделство, економија, социјална политика и животна средина, со цел да се овозможи безбедно донирање храна, вклучително храна со поминат рок „најдобро до", поттикнато со даночни олеснувања за компаниите.

## ГРИЖА ЗА МЛАДИТЕ

На младите им требаат услови за учење: во средните училишта мора да се одржуваат хигиената, опремата за практична настава и опремата за спортските сали. Училиштата мора да бидат енергетски ефикасни и да се замени екстра лесното гориво со еколошки извор на енергија за да се обезбеди здрава животна средина на учениците и околното население. Ниту едно здраво дрво нема да смее да се исече за внесување комерцијални содржини. Во средните училишта отвораме урбани градини и мали компостари, а поставуваме и контејнери за селектирање на отпадот. Градот, во соработка со општините и Министерството за образование и наука, мора да обезбеди доволен простор за учење во библиотеките за сите млади што немаат соодветни услови во домовите.
Но, грижата за младите е повеќе од инвестиција во образование; таа е влог во ментално здрава, отпорна и ангажирана иднина на Скопје. Препознаваме дека коренот на многу предизвици кај младите, вклучително и деструктивното однесување, е во социјалната изолација, недостигот на позитивни модели и неможноста за здраво канализирање на емоциите. Затоа, нашиот пристап се темели на ангажирање на младите во активности кои им нудат здрава возбуда и чувство на припадност, знаејќи дека поврзувањето со другите, физичката активност и престојот во природа имаат клучно позитивно влијание врз нивното ментално здравје.

Напуштените индустриски објекти или стоваришта, кои сега се издаваат за различни дејности, културни домови, месни заедници и сл. мора да се отворат за работен и креативен ангажман на младите. Скопје мора да работи на поддршка на организации што даваат услуги за неформално образование што понатаму младите може да ги искористат во процесот на барање работа или во стекнување нови вештини што не ги стекнале при формалното образование. Да финансира или кофинансира учество на младите на интернационални саеми и конференции, брендирање и промоција на иновации, инвестирање во нови технологии и слично. Ги промовираме занаетите како атрактивна можност за професионален ангажман на младите. Градот е должен да обезбеди помош на младите за подобро да ги искористат достапните активни мерки за вработување и самовработување што ги спроведува Агенцијата за вработување. Го поттикнуваме младинското учество во волонтерски и активистички акции. Градот мора да спроведува програми за вклучување на млади волонтери во општествено полезни активности и да соработува со граѓанскиот сектор за поттикнување на активизмот кај младите.

## МЛАДИНСКИ РАЗВОЈ И ПРЕВЕНЦИЈА ОД ЗАВИСНОСТИ

Скопје се соочува со сè поголем проблем на зависности кај младите. Инспирирани од успешниот Исландски модел за превенција на зависности, кој во последните 20 години драстично го намали користењето на алкохол, цигари и марихуана кај тинејџерите, предлагаме сеопфатен пристап кој се фокусира на зајакнување на заедницата и обезбедување на квалитетни алтернативи за младите. Истражувањата на експертите покажуваат дека клучно е ангажирање на младите во активности кои им нудат здрава возбуда, активирање на телото и чувство на припадност.
Инспирирани од овој модел, преземаме мерки, едуцираме и спроведуваме програми и за врсничкото насилство.

Нашите решенија:

- Зголемено учество во спорт и воннаставни активности: Обезбедуваме ваучери за сите млади за бесплатно учество во спортски, танцови и научни клубови, уметнички секции и други организирани активности.
- Зајакнување на врската родители-училиште-заедница: Советите на родители во секое училиште во соработка со наставниците и локалната заедница организираат заеднички активности и работат на создавање на безбедна и стимулативна средина за децата.
- Време поминато со семејството: Промовираме и поддржуваме иницијативи кои го поттикнуваат времето поминато на родителите со децата, како што се заеднички работилници, излети и културни настани.
- Граници за млади под 16 години: Воведуваме препорака за младите под 16 години да не бидат на јавни места без придружба на родител/старател по

22:00 часот, со цел да се намали ризикот од изложеност на штетни влијанија.
- Специјализирани организации за поддршка: Поттикнуваме формирање на организации составени од родители и стручни лица кои во соработка со училиштата ќе им нудат директна помош на учениците со психолошки проблеми, како и советување за нивните семејства.
- Бесплатни специјализирани часови: Во соработка со стручни лица, организираме бесплатни специјализирани часови за личен развој, разбирање на себеси, своите мисли и емоции, достапни за сите млади. Овие активности се одвиваат во младинските културни центри и други соодветни простори.

## МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНА ЗАЕДНИЦА: ПОВРЗАНИ СМЕ ПОСИЛНИ

Бесот, анксиозноста, депресијата и апатијата се најголемите предизвици на нашето време. Коренот на многу општествени проблеми – од чувство на безнадежност  до ризично однесување и насилство е во отуѓувањето едни од други, од природата и од самите себе. Веруваме дека вистински безбеден град е само оној град во кој граѓаните се ментално здрави, социјално поврзани и емоционално исполнети. Затоа, нашиот пристап е сеопфатен: ги лекуваме причините, а не само симптомите.

Нашиот предлози за поздрава и посилна заедница:

1. Достапна грижа за менталното здравје за сите: Отвораме центри за ментално здравје во секоја општина, каде што сите граѓани ќе можат да добијат бесплатна, доверлива психолошка поддршка и да учествуваат во групни сесии за личен развој. Организираме и јавни трибини и работилници за ментална хигиена, со цел да се подигне свеста и да се научат техники за справување со стресот.
2. Повторно поврзување со заедницата и природата:
    - Програми за социјализација: Активно поттикнуваме формирање на клубови по интереси, волонтерски акции и заживување на маалското корзо, создавајќи можности за граѓаните да се поврзат и да создадат нови пријателства.
    - Терапија во природа: Во соработка со стручни лица и здруженија, организираме редовни терапевтски прошетки во природа и го промовираме урбаното градинарство како активност која лекува и ги зближува луѓето.
3. Создавање безбедни јавни простори: Работиме на создавање добро осветлени и уредени јавни простори со зголемено присуство на редари. Безбедните улици и паркови поттикнуваат позитивна социјална интеракција и го намалуваат стравот од насилство и вознемирување.
4. Обезбедување правда и сигурност: Инсистираме на доследна примена на законите со цел да се заштитат сите граѓани и да се испрати јасна порака

дека одговорното однесување е темелна вредност на нашата заедница. Инсистираме на доследна институционална заштита по службена должност на жртвите од булинг, како и поригорозни казни за насилниците, вклучително и во интернет просторот.

### Посебен осврт - Градење позитивни машки улоги

Свесни сме дека мажите се соочуваат со специфични општествени притисоци кои често водат кон деструктивни однесувања, што резултира со трагични последици како насилство, сообраќајни судири и криминал. Затоа, креираме насочени програми кои нудат здрави алтернативи и поддршка:

- Едукација за меѓусебна почит: Во соработка со надлежните министерства, воведуваме задолжителни едукативни програми во училиштата и заедницата за промовирање на родова рамноправност, грижа едни за други и ненасилно решавање на конфликти.
- Промоција на позитивни примери: Преку јавни кампањи и менторски програми, ги промовираме и поддржуваме мажите кои се позитивни и инспиративни улоги во нашето општество.
- Конструктивно канализирање на енергијата: Активно го поддржуваме спортот, со посебен акцент на боречките вештини (џудо, џиу-џицу, карате, ММА, аикидо) како извонредна алатка за градење дисциплина, самодоверба и почит.
- Специјализирана поддршка: Во рамките на центрите за ментално здравје, обезбедуваме советувалишта наменети за мажи, каде што тие ќе можат доверливо и отворено да работат на личниот раст и да развијат здрави начини за справување со бесот, анксиозноста и депресијата.

## ЖИВИ СОЦИЈАЛНИ ПРОСТОРИ ЗА СПОРТ И КУЛТУРА ВО СЕКОЕ МААЛО

Го трансформираме Скопје од архива на запуштени објекти, во платформа за заживување на културата, спортот, младинското делување и колективната креативност. ЗХГ се залага за систематска ревитализација на напуштените јавни и индустриски простори и нивна пренамена во социјални простори во корист на младите, спортистите, уметниците, занаетчиите и локалните заедници.

Социјалните простори се од витално значење за развој на здрава и поврзана заедница. Тие не се само места за спортски и културни настани, туку и простори каде што луѓето се среќаваат, разменуваат идеи, создаваат и се чувствуваат како дел од нешто поголемо. Овие простори ги јакнат социјалните врски, го поттикнуваат граѓанскиот активизам и придонесуваат за подобрување на квалитетот на животот на сите граѓани. Токму затоа, нашата цел е да ги претвориме запуштените објекти во живи центри на заедницата, каде што спортот, културата и социјалната интеракција повторно

ќе цутат.
Ги поддржуваме иницијативите за трансформација на објекти како што е комплексот „Купрум“ во Хром и поранешното воено стовариште „Славија“ во Кисела Вода, кои може да се развијат во студентски кампуси, културни центри и социјални простори, притоа зачувувајќи ја нивната архитектонска вредност од почетокот на 20 век. Се залагаме и за обновување на објекти со симболично значење како кружната шалтер-сала на Поштата – со трансформација во отворен простор за млади претприемачи, креативци и урбани иноватори. Предлагаме во административните простории на овие објекти да се воспостават јавни музеи, како на пример Музеј на архитектурата на Скопје, со кој би се зачувала и пренела уникатната градителска историја на главниот град.

Поддржуваме развој на спортот и рекреацијата преку поттикнување училишен спорт, обновување и одржување на игралишта, запуштени спортски сали, како и достапни паркови за вежбање и спорт на отворено. Работиме на спречување на корупцијата и партизацијата со јасни критериуми за финансирање и транспарентни процеси на распределба на достапниот простор. Истовремено, промовираме родова рамноправност во спортот преку рамноправен пристап до спортска инфраструктура, поддршка на женски спортски иницијативи и создавање безбедни и инклузивни услови за сите спортисти и рекреативци. Спортот го третираме како важен општествен ресурс што придонесува за физичко и ментално здравје, заедништво и активно граѓанство. Преку адресирање на горливи социокултурни прашања како што се дискриминација, родови стереотипи и комерцијализација, се залагаме за одговорен и праведен развој на спортот во нашиот град.

## СКОПЈЕ ЕВРОПСКА ПРЕСТОЛНИНА НА КУЛТУРАТА

Културата во Скопје трпи со години, ако не и со децении. Преку посветеност на спроведување на забелешките и препораките на експертскиот панел продолжуваме да го спроведуваме овој важен проект за културниот живот на Скопје. Културните установи под надлежност на Град Скопје стануваат едни од главните носители на активностите, но и инвестираме во нови мултифункционални културни центри.

Во мандатот 2021-2025 жестоко се боревме за МКЦ, ги зголемувавме буџетските средства преку амандмани во буџетот и не дозволувавме програмата да замре.

Овој мандат му го враќаме МКЦ на Скопје зашто МКЦ е жив културен екосистем, простор каде се среќаваат младинската енергија, независната уметност и колективната мисла, непрекинат израз на малцински гласови и

креативна автономија. На Скопје му е неопходна инспирација за младешка бунтовност и општествена метаморфоза.

## АКТИВНА ГРИЖА ЗА ДОСТОИНСТВЕНА СТАРОСТ

ЗХГ се залага за општество во кое старите лица се третираат со почит, поддршка и активно вклучување, а не како товар на системот. Грижата за старите лица мора да биде јавна обврска и израз на општествена хуманост.

Градовите и општините во соработка со граѓански здруженија и заедницата мора да обезбедат достапна и квалитетна нега во домашни услови, поддршка во секојдневниот живот и активно вклучување на постарите лица во општеството. Дневните центри за стари лица и мобилните служби за помош во домот мора да се развиваат и да се финансираат системски, а не ад-хок.

Потребна е и континуирана едукација на поширокото население за правата на старите лица и важноста на интергенерациската солидарност. Пензионерите е задолжително да имаат пристап до едукативни, креативни и културни активности, како и до програми за ментална и физичка благосостојба.

Јавниот простор мора да биде дизајниран така што ќе овозможува сигурно движење, одмор и дружење, со клупи, тоалети, чешми, сенка и физичка пристапност. Достоинствената старост не е луксуз, тоа е право што секое општество мора да го гарантира.

## БРИГАДА ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Силно се посветуваме на обезбедување на сите неопходни ресурси за бригадата да функционира беспрекорно и најмалку со законскиот минимум на пожарникари. Хероите на нашето време предолго се заборавени и институционално запоставувани. Обезбедуваме:

- Модернизација на опремата: Набавка на нови противпожарни возила, заштитна опрема и современа технологија за гаснење пожари и спасување.
- Континуирана обука и усовршување: Обезбедување редовни и специјализирани обуки за пожарникарите, во согласност со најновите светски стандарди.
- Подобрување на условите за работа: Изградба на нови и реновирање на постоечките противпожарни станици, како и обезбедување на соодветни услови за работа, одмор и рекреација на пожарникарите.

- Едукација на граѓаните: Спроведување континуирани кампањи за едукација на граѓаните за превенција од пожари и правилно постапување во случај на несреќа

# 8. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ

Скопје со децении има преголем број на бездомните животни. Главна причина за тоа е неконтролираното размножување на милениците кое никогаш до сега не било соодветно санкционирано од страна на институциите. Покрај отсуството на мерки на централно ниво, на локални ниво никогаш досега не била доследно спроведена „Залови-стерилизирај-врати“ – единствената светски призната програма за хуман третман на животните која гарантирано дава резултати и го намалува трајно нивниот број на улиците.
Во фокусот на ЗХГ не се само бездомните животни, туку и коњите што уште влечат запрежни коли и животните што затворени во зоолошката.

## ЈП ЛАЈКА НА АКТИВИСТИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ

Уште еден историски преседан кој го направи ЗХГ во мандатот 2021-2025 е ЈП Лајка – градското претпријатие за третман на бездомни животни го предадовме во рацете на активистите за заштита на животните.

Првпат во историјата на Град Скопје со претпријатието управуваа активисти за заштита на животни кои имаа мнозинство во управниот и надзорниот одбор и директор на претпријатието.

Продолжуваме и овој мандат, ЈП Лајка мора да остане под контрола на активистите за заштита на животните бидејќи само така може да се исполни мисијата на претпријатието чијшто успех зависи од знаењето, искуството и посветеноста на неговиот персонал на еден од најгорливите општествени проблеми.

Еутаназијата како метод за контрола на популацијата е брутален, неефикасен и неприфатлив и како таков нема место во ЈП Лајка раководена од активистите.

Обезбедуваме зголемен буџет за ЈП Лајка за првпат да може навистина да ја спроведе доследно единствената хумана стратегија за контрола на бездомните животни која дава резултати „Залови-стерилизирај-вакцинирај-врати“ и да истретира минимум 75% од репродуктивно способните единки на територија на Скопје и неговата периферија со што за само 1 година ќе ја доведе репродуктивната стапка на улиците до 0.

Паралелно обезбедуваме субвенции за стерилизација/кастрација на животни на територија на Град Скопје со приоритет на социјално ранливи категории на граѓани.

Ги зголемуваме капацитетите на ЈП Лајка, особено заради животните кои не може да се вратат на улица и карантински оддели и ги адаптираме за третман, времено згрижување, стерилизација и вакцинација и на бездомните мачки.

Работиме на самоодржливоста на ЈП Лајка. Отвараме центар за едукација и дресура. Учиме како правилно да се грижиме за милениците, како се пристапува на куче на улица за да се избегне непријатна средба со модули и за најмалите, како да му укажеш прва помош на миленик или кое било животно на улица кое е жртва на труење. За најпалавите миленици што ги сакаме најмногу на свет обезбедуваме професионална дресура.
Отвараме салон за self grooming каде што ја има сета неопходна опрема да си го донесеш и избањаш миленикот многу побрзо и поедноставно отколку да се мачиш во домашни услови, а со тоа да им помогнеш на што повеќе крзнени пријателчиња да го поминат третманот во ЈП Лајка и да си најдат свое семејство.

## НЕ ЗА ВЛЕЧНИ КОЛИ СО КОЊИ ВО СКОПЈЕ

Коњите не се превозно средство во 21 век. Камшици, пот, крв, асфалт и издувни гасови не се достоинствен живот, туку тортура на очиглед на сите. Со помош на нашите инспекциски служби и во соработка со Министерството за внатрешни работи ја ефектуираме забраната која со години постои во македонската легислатива, обезбедуваме засолништа за рехабилитација и крај на оваа злоупотреба.

Лицата кои користат коњи соодветно ги обесштетуваме.

## ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ЗОО СКОПЈЕ ВО ЦЕНТАР ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И КОНЗЕРВАЦИЈА НА ДИВИ АВТОХТОНИ ВИДОВИ ЖИВОТНИ

Зоолошките во Македонија се озлогласени места каде што стотици животни живеат во заробеништво и се третирани како неживи предмети, а не како живи суштества со свои потреби. Скопската зоолошка само во изминатите 10 години беше гробница на многу животни.

Граѓаните, особено младите, сè повеќе бараат хумани и етички политики. Меѓународните трендови и ЕУ директивите се насочени кон заштита на биодиверзитетот и намалување на експлоатацијата на животните за забава. Вложуваме во центар за рехабилитација и конзервација бидејќи тоа е инвестиција во природниот капитал на регионот – ќе може да им се помага и на напуштени млади и на повредени животни.

Еден ваков центар е место за учење, еко-туризам и истражувања, каде што посетителите ќе добиваат знаење и искуства, наместо да гледаат во заробени животни, што е најважно ќе се отвори простор за македонски кадри да се задржат во земјата и да работат посветено дејност кон која се ориентирале.

## ГРОБИШТА ЗА МИЛЕНИЦИ

За да се спроведе ова долгоочекувано решение за сопствениците на миленици неопходна е измена на Законот за гробишта и погребални услуги. Македонија е единствената европска земја без системско решение за ова. Граѓаните се принудени тајно или незаконски да ги закопуваат или фрлаат телата на милениците со здравствени и еколошки ризици. Во рамки на нашите надлежности упатуваме барање до Собранието за итна законска измена и овозможување јасно уредени, урбано планирани и достоинствено одржувани гробишта – прашање на култура и достоинство, не луксуз.

## ХУМАНОСТ КАКО ЈАВНА ВРЕДНОСТ
## ЕДУКАЦИЈА, ПОДДРШКА, А ЗА СУРОВОСТ И ЗАНЕМАРУВАЊЕ – САНКЦИИ

Едукацијата е клучен сегмент од секоја сфера под надлежност на Градот и претпријатието силно ќе се посвети да изгради сојузници во битката за хумана контрола на бездомните животни во Скопје.

Општините мора да промовираат хуманост и одговорно сопствеништво преку едукација, позитивни кампањи и субвенции за стерилизација одвојувајќи значителни буџетски средства за медиуми за масовно известување. Но, хуманоста значи и санкции. Борбите со кучиња се организиран криминал што мора да се третира како таков. Расфрлањето отрови е девијантност и јавна опасност. Фрлањето мачиња во контејнери, насилството врз животни е психопатско однесување што мора да се гони кривично. Преку засилени комунални инспекции превенираме, евидентираме и процесираме случаи на насилство, со што ја штитиме безбедноста на сите.

Еден од најголемите докази за нашата упорност и моќ да менуваме е историскиот преседан – првата ефективна затворска казна за убиство на куче во Македонија во случајот со кучето Феликс кое беше ѕверски претепано до смрт.

## 9. ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ

Целосно го реобмислуваме транспортниот систем во Скопје во склад со Визија нула. Доста беа руски рулет улици опасни по живот. Пешаците, велосипедистите и родителите со детски колички мора да бидат безбедни на улиците и тротоарите. Узурпацијата со возила нема да се толерира, урбаната опрема паметно ќе се лоцира, а сите јавни површини ќе бидат пристапни за тркала.

Скопје станува побезбеден град кој нуди диверзитет на транспортни опции и ново чувство на припадност кон градот. Создаваме услови за независна мобилност на младите, повозрасните, лицата со хендикеп, семејствата без автомобил и сите кои сакаат да го намалат своето влијание врз природата. Овие промени ќе го заживеат маалскиот живот, ќе го поттикнат развојот на малите бизниси, ќе донесат почист воздух, помалку бучава и повеќе простор за зеленило. Ваквата трансформација ќе придонесе кон подобро јавно здравје, заштеди во здравствениот систем и поквалитетно секојдневие, каде што граѓаните живеат подолго, поздраво и посреќно.

Нашата визија е до 2030 година Скопје да стане најпријателскиот град за пешаци и велосипеди на Балканот, со најмалку 10% учество на велосипедите во градскиот сообраќај и со целосно елиминирани жртви во сообраќајот.

### ВИЗИЈА НУЛА

Носиме стратешки документ за безбедност во сообраќајот Визија нула со кој сите активности на сите институции ќе придонесуваат кон целта за нула жртви во сообраќајот. Со ова воведуваме светски докажани политики кои ги намалуваат жртвите во сообраќајот. Во јули 2025 г. Хелсинки објави дека во период од 1 година имале 0 жртви во сообраќајот преку воведување Визија нула.

Го смируваме сообраќајот преку паметен редизајн на улиците, изведуваме булевари на кои навистина ќе се вози со 50 км/час и се бориме сите улици надвор од булеварите да се прогласат за Зона 30 и да се дизајнираат навистина за 30 км/час. Вака покажуваме дека ги почитуваме и ги штитиме пешаците и велосипедистите, им создаваме достоинствен простор со што влијаеме да бидат почитувани и од возачите за да можеме драстично да го намалиме бројот на жртви на крајот од мандатот.

Ограничувањето на брзината го обезбедуваме преку потесни автомобилски ленти, помали радиуси на свртување, подигнати/рапави пешачки премини, шикани, микро-кружни текови, патни диети, почести и пократки пешачки премини, заштитени острови итн.

Булеварите не смее да се изведуваат без издвоени пешачки и велосипедски патеки.

## ЈАВЕН ПРЕВОЗ

Движењето во Скопје го решаваме по усвојувањето на Планот за одржлива урбана мобилност и по изработката на најнова Сообраќајна студија и анализа на транспортни модели во отворена дебата со експертската јавност и граѓаните.

Јавниот превоз во Скопје добива издвоена лента. Силно се посветуваме на ова единствено разумно решение за оптимизирање на јавниот превоз во Скопје и очекуваме професионална соработка од страна на Министерството за внатрешни работи за успешно спроведување. Возниот парк на ЈСП редовно се сервисира и обновува, не дозволуваме просечната старост да надмине 10 години.

## СТАНДАРДИЗИРАНО ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Донесуваме градски прирачник за дизајнирање на улици во кој утврдуваме употреба на ладни материјали секаде каде што може со кои се елиминираат урбаните топлински острови, каде минува јавен превоз, детали за третманот на дрво при поплочување, зелени паркинзи, процедури за обезбедувањето заштитена пешачка патека при градежни работи итн., за градежните активности, со цел запазување безбедност, предвидливост и препознатливост на градот.

Создаваме Град кој има своја визија и процедури.

## СЛОБОДНИ ТРОТОАРИ И КВАЛИТЕТЕН ЈАВЕН ПРОСТОР

Етапно ослободување на тротоарите од возила, дислоцирање на лошо поставена урбана опрема. Тротоарите и целиот јавен простор стануваат поширокi, поквалитетни, лесно достапни и пристапни без високи рабници за сите граѓани. Најнапред поттикнуваме мултимодален, но и ефикасен јавен транспорт, а потоа воведуваме добро осмислени и строги политики за јавно паркирање, правила за урбана опрема (контејнери, тераси од кафеани) и физичка заштита.

## РАСПРОСТРАНЕТА ВЕЛОСИПЕДСКА МРЕЖА

За едно превозно средство да биде практично и употребливо, потребни се поврзани и добро испланирани мрежи. Град Скопје започна со планирање на велосипедска мрежа преку проектот Скопје Велоград во 2014 г., но таа мрежа ниту целосно се изведе, ниту значително се надогради.

Во соработка со општините изготвуваме План за велосипедска мрежа според европските препораки со цел да се обезбедат велосипедски патеки и ленти или велосипедски улици на секои 250 метри од сечиј дом/работно/место/дестинација од интерес на жителите и посетителите. Ова го спроведуваме преку праведно распределен буџет за патна инфраструктура – минимум 15+15% за пешачка + велосипедска инфраструктура, праведно распределени улични профили – не посветуваме повеќе од 50% на автомобилскиот сообраќај споредено со пешачки + велосипедски сообраќај + зеленило заедно, патни диети, проширување на регулации и иновативни решенија.

Скопје има околу 144 км велосипедска инфраструктура. Целта на ЗХГ е да стигнеме до барем 300 км и да станеме највело-пријателски град на Балканот. Воведуваме велосипедски решенија за сите главни сообраќајници, зголемена широчина и сенки од дрвја на велосипедските патеки на булеварите, вело-пријателски крстосници и кружни текови, велосипедски конектори низ четвртите, вело-пријателски ГУП.

Скопје повеќе не смее да биде град-роб на автоцентризмот. Со сеопфатна велосипедска мрежа го трансформираме во град на транспортни и рекреативни можности за сите!

## ПРОМЕНА НА СООБРАЌАЈНИОТ СИСТЕМ НА СКОПЈЕ

Скопје мора да ги промени приоритетите во планирањето и уредувањето на јавниот простор, односно да ја промени хиерархијата на учесниците во сообраќајот со приоритизирање на потребите на пешаците, велосипедистите и јавниот транспорт за тие да бидат побезбедни во сопствениот град.
Преку ЦУКС го анализираме и велосипедскиот, а не само автомобилскиот сообраќај. Поставуваме бројачи за велосипеди на избрани локации низ градот; семафорскиот систем станува пријателски за пешаци и велосипеди; ги интегрираме велосипедскиот и јавниот превоз како силна противтежа на автоцентричноста, а новиот ГУП и ПОУМ се темелат на зелена сообраќајна философија. Вака автомобилот станува една од опциите, а не единствената, а Скопје станува убав и слободен град!

## ВАРДАРСКА ЗЕЛЕНА АКТИВНА МАГИСТРАЛА

Кејот на Вардар станува зелен пешачки и рекреативен коридор на Градот Скопје и главна велосипедска магистрала запад-исток со содржини за сите возрасти. Двете страни на реката имаат ист третман. Ги продолжуваме кон крајните граници на градот – на запад низ Ѓорче до завршетокот на урбаниот дел од Сарај и на исток до границите на Аеродром и Гази Баба со Јурумлери, со можност за продолжување на југ по Еуро Вело рута 11.
Ги интегрираме во остатокот од велосипедската мрежа преку возливи рампи кон секој мост и конектори кон населените места. Кејовите на Вардар и другите реки стануваат простори на луѓето и природата, а не продолженија на сообраќајниците и градилиштата.

## ПАРКИНЗИ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ

Паркирањето велосипеди мора да биде практично и безбедно. Усвојуваме градски стандарди со кои наметнуваме обврска за велосипедски паркинг за секој нов објект и сите јавни простори, а за постоечките објекти бараме иновативни решенија. Инвестираме во функционални држачи за велосипеди кои ги поставуваме на локации каде што граѓаните имаат потреба од нив и не пречат на движењето. Секој јавен паркинг за автомобили задолжително содржи минимум 20% од местата за паркирање велосипеди.

## СИСТЕМ ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕДИ КАКО ДЕЛ ОД ПАМЕТНО СКОПЈЕ

На Скопје покрај јавен автобуски превоз, му е неопходен и јавен велосипедски превоз, односно препознатлив, практичен и квалитетен, автоматизиран систем за споделување на велосипеди. Станиците за изнајмување претставуваат осмислено надополнување на јавниот автобуски превоз, ги распоредуваме врз основа на анализи и се достапни ширум целиот град, близу до сечиј дом и до сите поважни дестинации. Изнајмувањето велосипеди е дел од еден паметен систем за движење низ градот, каде што со иста картичка граѓаните можат да се возат во автобус, да изнајмат велосипед, да изнајмат тротинет, сето тоа брзо и доволно привлечно за да се намали употребата на автомобилите.

## СУБВЕНЦИИ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ И ВЕЛОСИПЕДСКА ОПРЕМА

Градот Скопје со години доделува субвенции за велосипеди и корисниците во повеќе наврати посочуваат дека за овој тип на субвенции повеќе нема

толку голем интерес, поради што воведуваме диверзификација на она што се субвенционира. Ги воведуваме следниве субвенции:

1. За комплетен сервис и доопремување на стари велосипеди (продолжување на употреба и циркуларна економија)
2. За специјални велосипеди (трицикли, рачни велосипеди итн. за лица со посебни потреби, карго и други велосипеди за мали бизниси)
3. Фокусирано субвенционирање на велосипеди за економски и социјално загрозени групи.

## УЛИЦИ ЗА ЛУЃЕ

Создаваме Град со визија за зелена мобилност и живи јавни простори. Еднаш месечно ги затвораме за сообраќај улиците во Скопје низ различни општини и ги трансформираме во улици за луѓе, наместо за автомобили. Со привремено запирање на автомобилскиот сообраќај, ги славиме велосипедот и зелената мобилност и ослободуваме простор за пешачење, возење велосипед, рекреација, социјализација, детска игра и маалски живот. Со ослободување простори за рекреација си овозможуваме сосема поинаква перспектива на градските улици: улици без автомобили, отворени улици, живи улици, улици за луѓе, улици за игра, улици за рекреација. Скопје станува поинтересен и попривлечен град и за жителите и за посетителите.

# ЖИВА ПРОГРАМА

Технологијата и науката одат напред, иновациите ни го облагородуваат секојдневието и ни го отвораат патот кон подобра, позелена и похумана иднина. Така и оваа програма е само почетна точка на посветеноста на ЗХГ на подобро Скопје за сите нас и е отворена за подобрување и унапредување во текот на претстојниот мандат 2025-2029. Те охрабруваме да ни ги доставиш секоја идеја, предлог, решение што сметаш дека се во линија со заложбите на ЗХГ за одржлив и праведен развој.

Знаеме дека корупцијата владее со Скопје и знаеме дека ќе имаме отпор при спроведувањето на нашите политики, но не се откажуваме. Свесни сме дека трчаме маратон и посветени сме на коренити промени што ќе ни ги подобрат животите на сите, не на козметички зафати. Со само 2 од 45 советника постигнавме историски преседани во Советот на Скопје што не ги постигнале ниту партии што владееле со градот. Замисли колку повеќе би постигнале со повеќе советници или со мнозинство во Советот! Немој да бидеш статист во сопствениот град, придружи ни се заеднички да го обликуваме Скопје, зашто ГРАДОТ Е НАШ!

Другарски,
Активистите на ЗЕЛЕН ХУМАН ГРАД